Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 29.07.2021

На 28.07.2021 во 23.20 часот на ул.„Илинденска" во Тетово, полициските службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода лицето Б.А.(27) од тетовско Першовце, затоа што кај него била пронајдена марихуана. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (29.07.2021) во 00.35 часот од полициски службеници од ОВР Кичево бил лишен од слобода Д.А.(38) од с.Гарани, кичевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". Во текот на вечерта 28/29.07.2021, по добиена наредба од судија на претходна постапка, извршен е претрес во дом и други простории кај Д.А. во с.Гарани. При претресот се пронајдени и одземени стебла од канабис сатива, марихуана, предмети со остатоци од пушачката материја, ловен патрон, кеса со кафеава грутеста материја. По целосно документирање на случајот против Д.А. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.07.2021 во 21.25 часот на ул.„Димитар Влахов" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода А.К.(31) од Ресен. При контрола во патничкото возило „фолксваген голф", со охридски регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени и одземени марихуана и пушачката материја. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 27.07.2021 во 22.35 часот во СВР Штип, од Затвор Штип било пријавено дека околу 22.35 часот во ормар била пронајдена пушачката материја. Од страна на полициски службеници од СВР Штип пушачката материја била одземена и предадена за понатамошна постапка. Се работи на расчистување на случајот.

На 28.07.2021 во 10.30 часот на ул.„Илинденска" во Тетово, врз основа на телеграма од СВР Скопје, од слобода бил лишен Е.Ј.(43) од тетовска Ѓургурница, кој се сомничи дека бил инволвиран во кражба на возило. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе следува поднесок.

На 28/29.07.2021 во периодот од 21.00 до 01.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 38 возачи, од кои 33 на територија на Тетово, а 5 на територија на Гостивар, кои се констатирани надвор од населено место. Дури 26 возачи возеле со брзина од над 50 километри на час над пропишаната, а едно за дури над 70 километри на час над дозволената. Додека, во населено место биле констатирани 10 прекршоци, а биле санкционирани и три други видови на прекршоци.

На 28/29.07.2021 во периодот од 21.00 до 01.00 часот на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола со снимање со радар во ноќни услови на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа констатирани се 25 прекршоци по акциската контрола и 23 останати прекршоци. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. На 28/29.07.2021 во периодот од 20.00 до 02.00 часот полициски службеници од Полициската станица за безбедност на патниот сообраќај Штип спроведоа акциска контрола за прекршоци кои ги прават возачите на мотоцикли во сообраќајот. За време на акциската контрола констатирани биле 17 прекршоци. Притоа 7 возачи не користеле заштитна кацига, 3 возачи управувале без возачка дозвола, 3 нерегистрирани, 1 под дејство на алкохол и 3 останати прекршоци. Одземени се 3 мопеди согласно чл.344 од ЗБСП. Санкционирани се и 11 останати прекршоци. На 28.07.2021 во станица за технички преглед од 18 времено одземени мотоцикли, согласно чл.344 од ЗБСП, кај 10 мотоцикли е констатирана техничка неисправност во поглед на бучавата, а 8 биле со измината важност на регистрацијата.

На 28.07.2021 година во ОВР Кичево од Итната медицинска помош во Кичево е добиено известување за повредено лице во атарот на кичевското село Вранештица и дека по нивното пристигнување, без знаци на живот бил затекнат З.М.(32) од истото село. По наредба на Јавен обвинител извршен е увид при што било констатирано дека З.М., спуштајќи се по шумска патека со трактор натоварен со огревно дрво, изгубил контрола и излетал од патеката.

Во текот на изминатото деноноќие (28.07/29.07.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 34 прекршоци.

На 29.07.2021 во 02.30 часот на Граничниот премин „Долно Блаце", по извршени проверки, било констатирано дека Ф.Ф.(39) од Косово се наоѓа во евиденцијата со мерка „апси" од Интерпол. Тој бил приведен и предаден на полициски службеници од Полициска станица Кисела Вода за понатамошна постапка.

На 28.07.2021 во 06.00 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром"-Скопје, било констатирано дека И.Ѓ.(38) од Албанија не поседувал соодветни документи. Тој бил приведен и предаден на полициски службеници во Регионален центар Север за понатамошна постапка.

СВР Струмица во периодот од 21.00 часот на 28.07.2021 до 01.00 часот на 29.07.2021 презеде засилени мерки за санкционирање на возачи кои управуваат моторни возила со брзина поголема од дозволената, со употреба на ноќен радар. Притоа, биле констатирани 26 пречекорувања на брзината и за сите биле изречени соодветни санкции.

На 28.07.2021 во СВР Битола, С.П. од Битола пријавил дека на ул.„Довлеџик" била пронајдена стара граната. Од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување гранатата била безбедно подигната и било утврдено дека станува збор за неексплодирана артилериска граната со калибар 75мм од Првата светска војна.

На 28.07.2021 во 14.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од ул. „Павел Шатев", ул.„Јордан Мијалков" и ул.„Антон Попов" во Скопје, патничко возило „хонда", со скопски регистарски ознаки, управувано од И.М.(55) од Скопје, удрило во велосипед управуван од Б.П.(36) од Скопје. Во незгодата Б.П. се здобила со тешки телесни повреди констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 29.07.2021 во 00.25 часот во СВР Куманово било пријавено дека на бул. „Октомвриска револуција" во Куманово се случила сообраќајна незгода помеѓу мотоцикл „сузуки", со кумановски регистарски ознаки, на кој се превезувале А.Т.(20) и Д.С.(20), двајцата од Куманово и патничко возило „опел корса", со кумановски регистарски ознаки, управувано од Д.Т.(22) од Куманово. По незгодата двете лица кои се превезувале на мотоциклот, како и возачот Д.Т. биле пренесени биле во Општата болница Куманово, каде на А.Т. и Д.С. им биле констатирани тешки телесни повреди, а на Д.Т. му биле констатирани телесни повреди. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Куманово.

На 28.07.2021 во 15.30 часот во Полициската станица Чаир, Т.Н.(64) од Скопје пријавил дека во Радишани бил каснат од куче скитник.

На 28.07.2021 околу 13.30 часот во СВР Куманово било пријавено дека на бул.„Трета македонска ударна бригада", патничко возило „форд фиеста", со кумановски регистарски ознаки, управувано од М.П.(70) од Куманово, удрило во паркирано патничко возило „сеат толедо", со кумановски регистарски ознаки и во Т.М.(34), А.Љ. (50) и А.Х.(48), сите од Куманово, кои влегувале во возилото. По незгодата тројцата биле пренесени во Општата болница Куманово, каде што на Т.М. и А.Љ. им биле констатирани телесни повреди, а А.Х. им подлегнал на повредите. Извршен бил увид на местото на незгодата од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Куманово.

На 28.07.2021 во Кичево, полициски службеници го привеле П.Ј.(40) од Кичево, затоа што при претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени три кеси со пушачката материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против М.М.(29) од с. Тополница, радовишко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување држење и тргување со оружје или распрскувачки материи".Пријавениот неовластено држел, носел со себе и употребувал пиштол „Ц3 99" калибар 9 мм, снимал со мобилен телефон и континуирано поставувал видео клипови на социјалната мрежа „тик ток", на кои се гледа дека во рака држи пиштол „Ц3 99" калибар 9 мм и каде испукува проектил од него.

На 28.07.2021 во 17.05 часот било пријавено дека на регионалниот пат Ресен-с.Царев Двор, после клучката за с.Горно Дупени, патничко возило „опел фронтера", со ресенски регистарски ознаки, управувано од Е.С.(46) од Ресен, излетало од коловозот. На местото на незгодата починал возачот. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Ресен.

На 29.07.2021 во 01.45 часот на ул.„Александар Урдаревски" во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Чаир биле физички нападнати од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Одделението за прекуграничен криминал Скопје поднесе кривична пријава против С.Х. (37) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа" и „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 25.07.2021 на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје", пријавениот приложил фасификуван ПЦР тест.

На 28.07.2021 во 21.25 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" било пријавено дека кај нив со повреди од остар предмет биле донесени две лица на возраст од 17 години. Во разговор со полициски службеници тие изјавиле дека пред маркет на подрачјето на Чаир биле нападнати од три лица кои користеле остар предмет. СВР Скопје презема мерки за расчистување на случајот.

СВР Велес и СВР Тетово поднесоа кривични пријави против Ф.В.(26), А.Д.(22), И.С.(19), Т.А.(36), Ѓ.В.(38), А.О.(26), сите од Кавадарци, Б.М.(30) и Ѓ.Д.(49), двајцата од Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". Пријавените, на 21.05. и на 04.06.2021, се движеле без дозвола за движење за време на забрана за движење.

На 28.07.2021 во 11.25 часот во СВР Куманово било пријавено дека во спортска обложувалница на ул.„Тоде Думба" во Куманово, едно лице со закана кон вработената одзело пари од касата. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.07.2021 во 00.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Владимир Комаров" група млади лица физички нападнале четири малолетници и од еден од нив одзеле личен накит. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет